MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-3205/1

16-09-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 38-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 10 Септември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3121/1 од 13.06.2019 година на подносителот ---------------------- од -------------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3121 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3121/1 од 13.06.2019 година.

Предметот со број 12-3121 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Врз основа на сомневањата по однос на имотот со кој се стекнало службено лице наведено во пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата ќе преземе мерки на тој начин што ќе изврши проверка на вистинитоста на податоците внесени во изјавата за имотната состојба и интересите на истото врз основа на годишниот план од членот 19 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-3121 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-3121/1 од 13.06.2019 година, од познат подносител - физичко лице, ----------------------- од ---------------------, со познати адресни податоци.

Пријавата е поднесена против службеното лице ----------------------, -----------------------------------------. Подносителот на пријавата наведува дека е жртва на корупција и рекет од посочениот ------------------- на ------------------------------------------, за кој наведува дека е член на ----------------------------- на ПП -------------------------. Во врска со коруптивните дејствија насочени спрема него, подносителот не посочува постапка и/или предмет -------------------------------------------------- и во кој наведениот ----------------------------------------------------------------------.

Со пријавата се бара испитување на "потеклото на имотот" на наведениот -------------------- кој според подносителот е стекнат врз основа на коруптивни дејствија, па имено – како што се наведува, ------------------------------------------ од кои --------------------------- се стекнал со сопственост на ------------------------------. Воедно, подносителот изнесува сомневања дека посочениот ---------------------------------- врз основа на кој му се отстапува во сопственост ---------------------------, односно и дека за остварување на финансиска корист истиот -------------------------------------правни лица.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека се работи за пријава која не упатува на конкретни коруптивни дејствија на службеното лице --------------------------------, -------------------------------- па оттаму и дека истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на сомневањата по однос на имотот со кој се стекнало наведеното службено лице Државната комисија за спречување на корупцијата ќе преземе мерки на тој начин што ќе изврши проверка на вистинитоста на податоците внесени во изјавата за имотната состојба и интересите на истото врз основа на годишниот план од членот 19 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 10 Септември 2020 година по број 12-__________/___**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот